# 449. ДОЈДЕ ГЛУВЧЕТО, ЗЕДЕ ФИТИЛЧЕТО




Дојде глувчето, зеде фитилчето,
од среде кандилцето,
Леле, леле, леле, сега без кандилце,
оф, оф, оф, оф, оф, оф, моме без шамивче.

Дојде мачката, улови глувчето,
што зеде фитилчето, од среде кандилцето,
Леле, леле.....

Дојде кучката удави глувчето,
што зеде фитилчето, од среде кандилцето,
леле, леле......

Дојде дрвото, утепа кучката,
што удави мачката, што улови глувчето,
што зеде фитилчето, од среде кандилцето,
Леле, леле.....

Дојде фурната, изгоре дрвото,
што утепа кучката, што удави мачката,
што улови глувчето, што зеде фитилчето,
од среде кандилцето
леле, леле.......

Дојде водата, изгасна фурната,
што изгоре дрвото, што утепа кучката,
што удави мачката, што улови глувчето,
што зеде фитилчето, од среде кандилцето.
Оф, оф, оф, оф, оф, оф, сега без кандилце,
Туго, туго, туго, моме без шамивче.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995